# РЕАКЦИЈА ЗА КОНЦЕПТОТ ЗА РАЗВИВАЊЕ СИСТЕМ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ОД ДАЛЕЧИНА ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Центар за Управување со Промени

ЕУ со ТЕБЕ

Го поздравуваме напорот на Министерството за образование и наука и бројните партнери да се справат со предизвикот кој никој не го очекуваше, спроведување на образованиот процес во текот на здравствената криза во 2020 година, а уште поважно е дека сега посвесно се спроведува процес на подготовка за евентуална слична ситуација.

Концептот кој е подготвен и објавен за јавна дискусија е добар почеток за подготовка на нов начин на настава на далечина, но е недоволен за сериозноста на ситуацијата која предвидува дека за неполни два месеца учениците повторно нема да можат да одат физички на училиште, а овој концепт дава решенија за настава која би можела да се спроведе во најдобар случај од септември 2021 година. Констатацијата која е изложена во Концептот спроведувањето на наставата зависи од ентузијазмот на индивидуалните наставници, бара итни решенија и мобилизација под водство на министерството, за секое дете да може да го оствари своето неприкосновено право на образование. Оттука пред се апелираме да се донесат и краткорочни мерки кои ќе овозможат подобрување на квалитетот на наставата од почетокот на следната учебна година. Стратешките формални документи не се толку многу потребни, туку неопходни се конкретни стандарди за одвивање на настава на далечина и практични упатства за наставниците.

Како граѓанска организација, Центар за управување со промени (ЦУП) редовно ги следи квалитетот, пристапот и задоволството на граѓаните од јавните услуги, па прво посочуваме дека подготвениот документ не е направен да одговори на барањата на граѓаните за подобри образовни услуги. Подготовката на нова платформа и организација е дел од решенијата интерно во МОН и другите надлежни институции, но недостасуваат аспектите на обезбедување услови за работа на учениците, адаптација на наставната програма, конкретни насоки за училиштата и наставниците и насоки за родителите, насоки за работа со ученици со посебни потреби.

За идентификување и анализа на проблемите ви стоиме на располагање со податоците кои ги прибравме преку анкета на семејства засегнати од образовните услуги во периодот од март до јуни 2020 година и истражување на над 30 училишта ширум државата за конкретните со кои се соочија.[1]

[1] Истражувањата се спроведени во рамки на оперативната поддршка од страна на Европската Унија на програмата „Подобра испорака на јавни услуги за граѓаните преку активна вклученост на Собранието“.

Дури и без формално прибирање податоци, јавноста гласно ги истакна проблемите на недостиг на интернет и опрема преку кои децата можат да следат настава. Нашите истражувања покажаа дека голем број училишта побарале информации за исполнетоста на овие предуслови за спроведување на наставата, односно дека веќе министерството или општините имаат евиденција. Овој прв проблем може да се адресира со масовни скапи набавки, но и со повик за донации од сите фирми и јавни институции за употреблива опрема, може првично да се распределат по еден уред на семејство, да се даде приоритет на одредени групи ученици, предметна настава итн. Вака проблемот кој е секојдневен за многумина за краток рок ќе се адресира, иако можеби нема целосно да се надмине. Понатаму, интернет ваучерите се одличен прв чекор, но државата треба следно да го субвенционира комплетниот интернет за следење на наставата од страна на учениците (пример кој се среќава во некои држави).

Во условите за следење настава спаѓа и достапноста до учебниците, кои ако се вратат во училиштата во септември и веднаш се предадат на следната генерација ученици, нема да биде согласно насоките за одржување хигиена во услови на пандемија. Наведувате дека заштитата на авторските права е проблем за јавно објавување на содржината на учебниците, но државата заради спроведување квалитетен образовен процес може да ги откупи авторските права или да ги повика авторите да ги пренесат авторските права на државата. Но при следното објавување конкурси и тендери за учебници, министерството треба темелно да го преиспита условот на задржување на авторските права кога овие набавки се спроведуваат од државни средства. Целиот свет јавно објавува книги, филмови, театарски претстави за јавно следење и симнување од интернет, па учебниците мора да се приоритет за нашата држава.

Посочуваме и дека објавениот Концепт не содржи насоки ниту објаснување за адаптација на наставната програма од класично кон спроведување на далечина. Дел од наставните предмети успешно и целосно ги спроведоа на далечина дел од наставниците, додека другите сосем неуспешно ги исполнија своите минимални обврски преку асинхрона настава, што ги остави и учениците и родителите сосем незадоволни. Овие наставници би можеле да ги преточат своите искуства во адаптација на наставната програма, во разработување на методите кои ги користеле, за другиот дел од наставниците да го следи нивниот пример и да нема слобода да одлучи каква настава ќе им пружи на учениците. На краток рок едноставно можат да се организираат групи на наставници по исти предмети или во исти одделенија /

години во средно образование, заради заедничка разработка на наставата меѓу нив заедно со Бирото за развој на образованието.

Дел од наставниците се покажаа како најсветлата точка во екот на пандемијата, но без насока и задолженија од централните институции само дел од учениците беа среќни да имаат корист од личната мотивација и љубовта на овие наставници кон професијата и кон децата. Креирањето на вакви групи на размена и учење се користи во повеќе други држави, не чини средства, а може бргу да даде резултати. Неодминливи прашања за наставата се и:

- Дали се предвидува повторување на материјалот кој беше поминат од март до јуни?
- Дали и како ќе се оцени квалитетот на наставата која беше спроведена?

Концептот содржи голем број начини на настава и методи со кои наставниците можат да се служат, но тие се во документот само наброени и нема конкретни насоки и обврски, со што училиштата и наставниците остануваат дезориентирани и за следната учебна година. Од друга страна, методите не се ниту проценети за некои да се издвојат како подобри, но за ова можат да се искористат и бројните примери од свето2. Ниту министерството ниту општините не ги обврзаа училиштата и наставниците како да спроведат настава, а јавноста токму тоа го очекуваше од првиот јавен документ кој се објавува во текот на кризата. Документот не го опфаќа високото образование, а токму универзитетите подобро се прилагодија на новите услови на настава и од нив можат да се извлечат вредни лекции и одлични примери.

Концептот предвидува да се употребува централизиран модел - унифицирана платформа која е комплицирана и скапа да се набави, да се изработи и се операционализира (во акцискиот план се предвидува да биде до крај на идна година), па затоа сугерираме секое училиште да избере своја платформа за учење од веќе достапните низ светот[3]. За разлика од изборот на платформата, материјалите и ресурсите треба да се централно систематизирани а поддршката исто така да биде обезбедена на централно ниво.

Предлагаме училиштата да се реорганизираат за да обезбедат услови за работа на наставниците. И тие како и учениците може да се соочат со недостиг на простор, интернет и опрема за да ја спроведат наставата, па за оваа потреба можат

---

[2] Приказ на систематизирани искуства со учење на далечина може да се види на https://en.unesco.org/covid19/educationresponse/

[3] Страница 32 од компаративната анализа, достапна на https://cup.org.mk/publication/distance-learning-comparative-analysis

лесно да се искористат училишните простории кои или имаат интернет или за нив државата треба приоритетно ова да го обезбеди. Немањето опрема не треба да биде пречка кога поголемиот број од наставниците имаат паметни телефони на кои имаат камера, па и преку нив со училишниот интернет можат да држат синхрона настава на далечина, и тоа користејќи посебни училници (во сега празните училишта) при што би се почитувале мерките за заштита од зараза.

Делови кои целосно е изоставени од објавениот Концепт се некакви насоки за родителите и поддршка за децата при справување со наставата на далечина. Примерите од светот покажуваат на посебно внимание за родителите кои неминовно мора да го поддржат образовниот процес. Тие не можат да ги заменат наставниците и тоа од нив не смее да се бара бидејќи нема да има успех. Но поддршката која им ја даваат на децата сега треба да биде поинаква, што на родителите детално да им се објасни, дека не треба да биде дополнително објаснување на материјалот, туку психолошка поддршка, заштита и работа на прифаќањето на децата на новата состојба. Вашиот пристап мора несомнено да содржи и насоки за учениците да го прифатат учењето на далечина, кои ќе им ги пренесат наставниците и родителите.

ЦУП наскоро ќе ги обработи и податоците од спроведените анкети на семејства засегнати од образовните услуги во периодот од март до јуни 2020 година и истражувања во над 30 училишта ширум државата за конкретните предизвици кои се соочија, па истите ќе ги споделиме со вас. Првиот дел од нашето истражување се состои од компаративна анализа на искуствата на неколку земји со наставата на далечина, од кои можат да се видат позитивни примери. Примерот на Република Хрватска може да биде применлив за нашата држава, па ве повикуваме да го разгледате. Публикацијата е достапна на линкот: https://cup.org.mk/publication/distance-learning-comparative-analysis.

Како и досега ЦУП останува посветен на подобрувањето на јавните политики и јавните услуги во корист на граѓаните, при што се стреми секогаш да биде конструктивен партнер на надлежните институции. Повикуваме на мобилизирање на сите расположливи капацитети за сериозна подготовка на наставата и нејзино успешно организирање од септември 2020 година, поради што ви стоиме на располагање за натамошна соработка.